**Фондација за развој на локалната заедницата Штип**
**Local Community Development Foundation Stip**

Контакт: Невенка Лонгурова,
ngoscst@sonet.com.mk
032/383-422

## Мисија

Фондацијата за развој на локалната заедница ќе работи на создавање на услови за одржливост на граѓанскиот сектор преку градење на институционалните капацитети и поттикнување на локалната филантропија.

Визија на фондацијата е да креира активен граѓански сектор кој ќе придонесе за развој на современо општество втемелено на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани.

## Стратешки цели

- Зголемување на улогата на граѓанскиот сектор во процесот на креирање и имплементација на јавните политики;
- Воспоставување ефективни партнерства помеѓу актерите во локалната заедницата за поделена одговорност во развојот на заедницата;
- Зајакнување на демократските процеси во локалната заедница.

## Програмски области

1. Програма за градење институционални капацитети
2. Програма за партнерства во заедницата и локална демократија
3. Програма за филантропија

## Клучни активности

*1. Програма за градење институционални капацитети*

Обуки и консултации за НВО и мрежи на НВО за јакнење на нивните капацитети посебно за лобирање и застапување, креирање и имплементација на јавни политики, подигање на нивото на преговарачките вештини што ќе овозможи да се етаблираат како влијателен и долгорочен партнер во развојот на заедницата.

Поддршка на локални иницијативи кои се насочени кон разрешување на проблеми во заедницата или поттикнување на нивно разрешување.

*2. Програма за партнерства во заедницата и локална демократија*

Организирање јавни настани (состаноци, трибини, работилници) за поттикнување на партнерства помеѓу главните актери во заедницата, како и во креирање на модел за соработка помеѓу НВО, ЛС и БС за поделена одговорност на сите страни во развојот на заедницата.

Организирање на јавни настани (трибини, јавни дебати) во однос на нови законски регулативи и програми на локалните власти за следење на работата на

локалните институции и поттикнување поголемо учество на граѓаните во процесот на однесување одлуки на локално ниво.

*3. Програма за филантропија*

Организирање работилници, трибини со претставници од НВО, ЛС и БС за воведување во аспектите на филантропјиата.

Организирање јавни настани (состаноци, трибини) со НВО и БС за промоција на законските можности за поттикнување на корпоративната филантропија.

Обуки, консултации со НВО за можностите за прибирање на средства преку организирање на настани.

Истражувања за состојбите во Македноија во поглед на филантропија и корпоративната одоворност.

Фондацијата ќе соработува со други организации, домашни и од странство, кои работат на оваа проблематика во размена на знаења, искуства, добри практики. Со домашните организации посебно ќе соработува и ќе се залага за координиран настап во промоцијата на корпоративната одговорност.